*Оделение за урбанизам*

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа, („Сл. весник на РСМ бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24) и член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово, („Сл. гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 53-та седница одржана на ден 28.11.2024 година, донесува:

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2025 ГОД. НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БЕРОВО

## I. ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Изработка на **ГНЕРАЛЕНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА БЕРОВО,**

**Граници на планскиот опфат:**

Постојниот ГУП на Берово од 2001 год, со проширување со следните лоаклитети**:**

- Локалитет “Ромско маало”;
- Локалитет - Мало стопанство “Ширината”;
- Лоаклитет - Лесна индустрија “Старо АТШ“;
- Локалитет “Брдославица”;
- Локалитет “Којова Ливада”;
- Локалитет “Јуовец”;
- Локалитет “Св. Богородица”;

**Фаза: ПРЕДЛОГ ПЛАН** **Големина на плански опфат: 310,0 Ха**

**(План во постапка за изработка)**;

## II. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

- Изработка и Измена на Деталниот Урбанистички план на Берово, по зони од 3 Ха до 30 Ха, во зависност од потребите на граѓаните;

1. **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП Берово,** за централното градско подрачје, Локалитет **„Плоштад“** во Берово;

**Граници на планскиот опфат:**

- север - улица Илинденска;
- југ - улица Цветан Димов;
- исток - улица Страшо Пинцур;
- Запад - улица Маршал Тито;

**Фаза: НАЦРТ ПЛАН**; **Големина на плански опфат: 3,50 ха**

2. **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП Берово,**- за Локалитет **"Стара Автобуска"** десна страна од станбен урбан блок 12,

**Граници на планскиот опфат:**

- Исток улица "Моша Пијаде";
- Запад река Брегалница и улица "Моша Пијаде" ;
- Север улица "23-ти Август", и;
- Југ граница план за "Етно парк - Етно село".

**Големина на плански опфат: 7,30 ха**

3. **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП Берово,** за **"**Централно градско подрачје **2″** - дел од урбан блок 12 во Берово

**Граници на планскиот опфат:**

- Исток улица "Маршал Тито";
- Запад улица "Зоран Бубевски" ;
- Север улица "23-ти Август", и;
- Југ постојна колско пешачка пристапна улица - спој на ул.″Маршал Тито" и ул."Зорам Бубевски" - (старо Комунално).

**Големина на плански опфат: 2,20 ха**

4. **ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП Берово,** за Локалитет **"Полициска станица",** дел од урбан блок 5;

**Граници на планскиот опфат:**

- Исток улица "Маршал Тито";
- Запад река Брегалница;
- Север новопредвидена улица, и;
- Југ улица "23-ти Август";

**Големина на плански опфат: 5,10 ха**

5. Делови од **Детален урбанистички план на Берово,** согласно со ГУП на Берово - ПО БАРАЊЕ НА СТРАНКИ за определени опфати - Блокови;

**Граници на планскиот опфат:** Во согласност со потребите во барањата,

**Големина на плански опфат: од 3,0 - 30,0 ха**

## III. УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СЕЛО

1. **Донесување на Урбанистичка документација за село - Смојмирово;**
Големина на плански опфат: 50,0 ха

2. **Донесување на Урбанистичка документација за село - Мачево;**
Големина на плански опфат: 25,0 ха

3. **Донесување на Урбанистичка документација за село - Будинарци;**
Големина на плански опфат: 35,0 ха

4. **Донесување на Урбанистичка документација за село - Митрашинци;**
Големина на плански опфат: 30,0 ха

## IV. УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

4. **„Измена и дополна на УПВНМ за тур.нас. Беровско езеро"**, за потребни промени и вклопување на легализирани објекти, **ПО БАРАЊЕ НА СТРАНКИ** за определени опфати - Блокови, **од 3,0 до 10, 0 Ха**;

**4.1. „Измена и дополна на УПВНМ за тур.нас. Беровско езеро" на дел од Урбан Блок 2, Општина Берово;**

**Граници на планскиот опфат:**
- од Југо-Исток улица „Новопланирана 10";
- од Запад улица „Новопланирана 11";
- од Север улица „Новопланирана 12";.

**Фаза: НАЦРТ ПЛАН**;

**4.2. „Измена и дополна на УПВНМ за тур.нас. Беровско езеро" на дел од Урбан Блок 3, Општина Берово;**

**Граници на планскиот опфат:**
- од Исток, пешачка улица како спој на ул. „Новопланирана 14" и „Новопланирана 15";
- од Југ, граница на плански опфат по пешачка патека и КП 10302/2, до улица „Новопланирана 15" и „Новопланирана 15" до спој со ул „Новопланирана 14";
- од Запад, по ул. „Новопланирана 14" и крак „Новопланирана 14-1";
- од Север, Регионален пат „Р1302" до влев во „Новопланирана 14"и „Новопланирана 14" до пресек со пешачка улица како спој на ул. „Новопланирана 14";

**Фаза: ПРЕДЛОГ ПЛАН**;

**4.3. „Измена и дополна на УПВНМ за тур.нас. Беровско езеро" на дел од Урбан Блок 2, лок. Линако, Општина Берово ;**

**Граници на планскиот опфат:**
- од Југо-Исток и Исток, улица „Новопланирана 8", до пресек со Регионален пат „Р1302";

- од Југо-Запад и Запад Регионален пат „Р1302" од улица „Новопланирана 8" до улица „Новопланирана 13";
- од Север, граница на Катастарска парцела КП 9305/1, од „Новопланирана 8" до крак од „Новопланирана 13" и „Новопланирана 13" до пресек со Регионален пат „Р1302";

**Фаза: ПРЕДЛОГ ПЛАН**;

## V. ДРУГА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**1.** Донесување на Урбанистичка документација вон населено место - за **туристичка населба „Абланица"**;

**2.** Донесување на Урбанистичка документација вон населено место - **Граничен премин „Клепало", со Р.Бугарија**;

**3.** Измена и дополна на **УПВНМ за тур.нас. Суви Лаки,** за вклопување на легализирани објекти, **ПО БАРАЊЕ НА СТРАНКИ** за определени опфати - Блокови, **од 3,0 до 10, 0 Ха**;

**4.** Донесување на Урбанистичка документација за **АВТО КАМПОВИ, ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ, и УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ**;

**5.** Донесување на Урбанистичка Проектна Документација - **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ за Стопански комплекси, за СОЛАРНИ ФОТОЦЕНТРАЛИ, и за Туристички и Хотелски комплекси.**

**6.** Донесување на Урбанистичка документација надвор од населено место - за **стопански и туристички комплекси** на **државно или приватно земјиште,** од интерес на општината или јавен интерес, и за вклопување на легализираните објекти кои се надвор од урбанистичките опфати на градот или населените места во Општина Берово **(План вон населено место** или **Урбанистички проект**);

Финансирањето на урбанистичките планови го врши Општината Берово, од средства предвидени со Буџетот на Општината.

Предвидено е и финансирање на изработката на урбанистичките планови од страна на заинтересирани физички и правни лица, која ќе се врши во постапката за поднесување на иницијатива од членот 39 од Законот за Урбанистичко планирање, при што кон иницијативата за отпочнување на постапката за изработка на планот, подносителот приложува и изјава за подготвеност за финансирање на изработката на урбанистичкиот план и за износот на средствата за таа намена, согласно член 40, став 4, од Законот за Урбанистичко планирање.

Примерок од Годишната програма за изработка на Урбанистички планови, ќе биде објавена во службен гласник на Општина Берово, во електронска форма ќе биде прикачено на веб страната на Општина Берово и на официјалните профили на социјалните мрежи на Општина Берово, како и во информацискиот систем Е-урбанизам.

Годишната програма е подготвена од Раководителот на Одделението за урбанизам при Општина Берово, Мишо Догазански, дги.

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово".

# *ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ за 2022 година*

| НАЗИВ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН | ПОВРШ. | ЦЕНА | СУМА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** | | | | |
| ***Измена и дополна на ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН на Берово - 310Ха*** | | | | |
| Постојниот ГУП со Локалитети | 110 | 10,977.75 | 1,207,552.50 | 60% |
| | 110 | | 1,207,552.50 | 724,531.50 |
| **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** | | | | |
| ***Измена и дополна на ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН на Берово - парцијални измени*** | | | | |
| ДУП за централно подрачје - Плоштад | 3.5 | 41,758.50 | 146,154.75 | |
| ДУП за Локалитет - Полициска Станица | 5.1 | 41,758.50 | 212,968.35 | |
| ДУП за Локалитет - Стара Автобуска | 7.3 | 41,758.50 | 304,837.05 | 40% |
| | 15.9 | | 663,960.15 | 265,584.06 |
| **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО** | | | | |
| Урбанистички план за село - Смојмирово | 50 | 27,121.50 | 1,356,075.00 | |
| Урбанистички план за село - Мачево | 25 | 27,121.50 | 678,037.50 | |
| Урбанистички план за село - Будинарци | 35 | 27,121.50 | 949,252.50 | |
| Урбанистички план за село - Митрашинци | 30 | 27,121.50 | 813,645.00 | 20% |
| | 140 | | 3,797,010.00 | 759,402.00 |
| | | | ВКУПНО | 1,749,517.56 |

Бр.09-3958/1
28.11.2024 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
Претседател
с.р.Петар Ружински